Архивски број: 04 - 4853/8
Датум: 27 . 04 2026 година

Врз основа на член 11 и член 52 став 1 од Закон за административни службеници ("Сл. весник на Р.М." бр.27/2014, 199/2014, 48/2015, 154/2015, 5/2016, 142/2016, 5/2016, 142/2016 и 11/2018) и "Сл.весник на РСМ" бр. 275/19, 14/20, 215/21 и 99/22), државниот секретар, донесе

**ОДЛУКА**

**за избор на кандидат по Интерен оглас број 02/2026 за унапредување на административен службеник во Министерство за култура и туризам**

1. Кандидатот **Бекри Велиу**, по пат на интерен оглас број 02/2026 се избира за работно место **Ниво В1, шифра УПР 01 01 В01 000**, Советник за планирање на соработка во Одделение за координација на културната соработка со Народна Република Кина и земјите од Централна и Источна Европа (16+1) во Сектор за меѓународна соработка и соработка со УНЕСКО, - 1 извршител

2. Изборот е извршен врз основа на Финална ранг листа на интервјуирани кандидати и предлог одлука за избор на прво рангираниот кандидат по Интерен оглас 02/2026 со архивски број 04-4853/2 од 15.04.2026 година.

3. Именуваниот ќе биде унапреден на работното место од став 1 по конечноста на оваа одлука.

4. Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето.

**Образложение**

Врз основа на добиено известување за обезбедени финансиски средства од Министерство за финансии со архивски бр. 19-3065/2 од 09.04.2026 година, државниот секретар упати барање со архивски бр. 04-4853/1 од 15.04.2026 година за објавување на интерен оглас за унапредување на административен службеник во Министерство за култура и туризам. Интерниот оглас број 02/2026 за унапредување на еден (1) административен службеник во Министерство за култура и туризам е објавен на веб страната на Министерството како и на веб страната на Агенцијата за администрација на ден 17.04.2026 година. Во функција на спроведување на постапката за унапредување на административен службеник, Комисијата за унапредување на административен службеник, формирана од страна на државниот секретар со Решение за формирање на Комисија за селекција за унапредување на административен службеник со архивски број 04-4853/5 од 22.04.2026 година, направи административна селекција на пријавениот кандидат за работно место:


Министерство за култура и туризам на Република Северна Македонија
Ministria e Kulturës dhe e Turizmit
Republika e Maqedonisë së Veriut
Ул. „Ѓуро Ѓаковиќ" бр. 61, Скопје
Република Северна Македонија
Rr. "Gjuro Gjakoviq" nr.61, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut
+389 23207411
www.kultura.gov.mk

Советник за планирање на соработка во Одделение за координација на културната соработка со Народна Република Кина и земјите од Централна и Источна Европа (16+1) во Сектор за меѓународна соработка и соработка со УНЕСКО, кој што ги исполнува условите предвидени согласно Законот за административни службеници и Правилникот за систематизација на работни места во Министерството за култура и туризам. Врз основа на освоените бодови од административна селекција и освоените бодови од интервјуто, Комисијата состави Записник од административна селекција за интерен оглас за број 02/2026 за унапредување на административен службеник со архивски бр. 04-4853/6 од 24.04.2026 година, Записник од спроведување на интервју за унапредување на административен службеник на работно место од категорија В со архивски бр. 04-4853/7 од 24.04.2026 година и изготви Финална ранг листа на интервјуиран кандидат и предлог одлука за избор на прво рангираниот кандидат.

Врз основа на ранг листа државниот секретар донесе одлука да се изврши избор како во диспозитивот на оваа одлука.

По конечноста на оваа одлука, ќе се донесе решение за унапредување за именуваната.

**Правна поука**; Против оваа одлука кандидатот кој не е избран има право на жалба до Агенцијата за администрација во рок од 8 дена од денот на објавување на одлуката на веб страницата.

ДРЖАВЕН СЕКРЕТАР,
Марија Станчевска Ѓоргова

Доставено до:
-именуваниот/та;
-Одделение за управување со човечки ресурси

Изготвил: И.Стевковска